РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 09-3678/2

24-11-2021 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 55та седница одржана на 17.11.2021 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 09-3678/1 од 04.10.2021 **година** година, за лицата ------ ------- и -------- ------- **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување од причина што пријавеното лице не е службено лице во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 04.10.2021 година, поднесена е пријава за лицата ----- ------- и -------- ------- оформен е предмет број 09-3678/1 од 04.10.2021 година.

Во пријавата подносителот наведува дека ----- ------- и -------- -------биле вработени во Општина ---------- со договор преку агенција за привремено вработување, а истовремено биле и кандидати за советници во Советот на општина --------- на одржаните локални избори во октомври 2021 година.

Согласно член 44 став7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите се предвидува дека:
*(7) На службено лице кое е вработено во локалната администрација, **ако биде** избрано за член на совет на општина, односно градот Скопје, работниот однос му мирува согласно со закон, со денот на верификацијата на мандатот на член на совет.*

Од вака цитираната законска одредба, произлегува дека состојбата на судир на интереси ќе настане само доколку кандидатите за советници во Советот на општина ---------, кои истовремено се вработени во општината со договор преку агенција за вработување, бидат избрани за членови на советот на општината, односно по верификација на нивниот мандат за членови на советот.
Со оглед на тоа дека изборниот процес е веќе завршен, според резултатите објавени од страна Државната изборна комисија, горенаведените лица не се избрани за членови на Совет на општината.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: Е.Н, соработник
Одобрил: Г.Т, член ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk